Врз основа на член 73 став (1) точка 1 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 101/25 и 135/25), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 20 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 233/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 16 јули 2026 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на Мендерес Мифтари од с. Радиовце, Брвеница УП2 09-250/26 од 1 јуни 2026 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје УП1 бр. NCC_11_20251126_1835 од 23.12.2025 година СЕ ОДБИВА.

2. Решението за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје УП1 бр. NCC_11_20251126_1835 од 23.12.2025 година СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Мендерес Мифтари од с. Радиовце, Брвеница до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-250/26 од 1 јуни 2026 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) бр. УП1 бр. NCC_11_20251126_1835 од 23.12.2025 година, издадено поради непостоење на технички услови за приклучок на пумпа за вода.

Според Електродистрибуција – реонската трафостаница ТС Радиовце 2 е максимално оптоварена 206%. Реконструкцијата значи градење на нова КБТС, столбна и нема капацитет да го опслужи реонот.

Во реонот нема маркица за нова трафостаница. Се води постапка со општината и месното население за изнаоѓање локација за нова трафостаница.

За да се реализира приклучокот освен што треба да се реконструира трафостаницата, потребно е да се догради и нисконапонска мрежа од 200 метри. Дополнително нема потенцијални баратели и жалбата е над рокот од 15 денови.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 7 јули 2026 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-250/26 од 1 јуни 2026 година со прилог:

- Приговараното Решение

2. Одговор на приговор и дополнителни докази од ЕВН од 25 јуни 2026 година со прилог:

- Имотен лист
- Извештај за оптовареност на трафостаница
- Слика од барањето за согласност за приклучување
- GIS скица
- Слики од парцелата

- Мислење за користење на вода од подземно водно тело од МЖСПП

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Видно од доставената документација е дека не постојат технички услови за приклучување.

Согласно член 31 став (1) точка 2) од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија („Службен весник на РСМ' бр. 191/19, 101/22, 68/24 и 106/25) (понатаму: Мрежни правила), операторот на дистрибутивниот систем ќе донесе Решение за одбивање на барањето за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа преку електронската платформа, на корисничкиот профил на барателот во случај кога не постојат технички услови за приклучување на корисникот на дистрибутивната мрежа според барањето на корисникот.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр. 09–250/26**
**16 јули 2026 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**